# ЈАВЕН ПОВИК

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ, врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија’’ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и Одлуката за давање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад на Владата на Република Северна Македонија („Службен Весник на Република Северна Македонија“бр. 96 од 08.05.2023 година), објавува јавен повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад за движни ствари – опрема, електронска, електрична и информатичка опрема, како и други основни средства – инвентар, кои немаат вредност односно се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, и истите не се користат од страна на Економскиот факултет - Скопје.

Избраното правно лице на јавниот повик има обврска да изврши преземање на движните ствари - електронска, електрична и информатичка опрема и друг инвентар, предмет на јавниот повик и истите да ги транспортира како отпад на соодветен начин, согласно со законските прописи.

Движните ствари се наоѓаат во магацинските простории во зградата на Економскиот факултет - Скопје на Бул. Гоце Делчев бр. 9В - Скопје.

Право на учество на јавниот повик имаат сите домашни правни лица, кои поседуваат важечка Дозвола за собирање и/или транспортирање на отпад (електронски отпад и друг отпад), издадена од надлежен орган.

Лице за контакт во врска со јавниот повик: Сена Бајро, телефон за контакт: 02/3286-823/825, електронска адреса: sena@eccf.ukim.edu.mk .

Подетални информации за движните ствари (листа на движни ствари), како и потребна документација во врска со јавниот повик може да се подигне лично од просториите на Бул. Гоце Делчев’’ бр. 9В – Скопје или електронски, преку следниот линк: **Јавен повик за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад** објавен на веб страната на Економскиот факултет - скопје.

Краен рок за доставување на пријавите за учество е **10.07.2023 година до 10.00 часот.**

Комисија за спроведување на постапка за избор
на правно лице кое врши дејност или поседува
дозвола за собирање и/или транспортирање,
преработка, рециклирање и
уништување на отпад